Врз основа на член 65 став(6) од Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 89/22), Општина Виница, на ден **05.03.2023** година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ **Детален урбанистички План за село Лаки-Општина Виница,** кој се носи согласно "Законот за урбанистичко планирање и Просторен план" не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Виница, www.vinica.gov.mk

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став(4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **"Детален урбанистички План за село Лаки-Општина Виница, "** нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе има незначително негативно влијание врз животната средина и промовирање на одржлив развој. Од областа на животната средина незначително влијание би имало на воздухот и почвата во фазата на изградба, преку зголемување на емисии на цврсти честички и зголемена бучавост, создавање на градежен отпад итн, како и влијание врз природата и природниот пејсаж, кои влијанија би биле краткорочни.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 12-145
Датум: 05.03.2023
Место: Општина Виница

Име и презиме
Градоначалник
Миле Петков